# Службен гласник

на Општина Струмица

| Број 17 | Четвртток, 11 декември 2014 год. |
| --- | --- |

www.sgrumica.gov.mk

## С о д р ж и н а

### Градоначалник на општина Струмица:

Р.б **О д л у к и** Стр.

**482.** **Одлука** за организирање на јавна анкета на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр. 1362 и КП бр.1363 во КО Добрејци, општина Струмица .......................... 2

**483.** **Одлука** за организирање на јавна презентација на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр. 1362 и КП бр.1363 во КО Добрејци, општина Струмица ........ 2

**484.** **Одлука** за организирање на јавна анкета на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр. 10 КО Костурино, Општина Струмица ......................................... 3

**485.** **Одлука** за организирање на јавна презентација на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр.10 КО Костурино, општина Струмица .......................... 4

**486.** **Одлука** за организирање на јавна анкета на Деталниот урбанистички план за дел од Блок 3-а (КП бр. 6524, КП бр.6525, КП бр.6526 и КП бр. 6527) УЕ 1 КО Струмица општина Струмица ........................ 4

**487.** **Одлука** за организирање на јавна презентација на Деталниот урбанистички план за дел од Блок 3-а (КП бр. 6524, КП бр.6525, КП бр.6526 и КП бр. 6527) УЕ 1 КО Струмица општина Струмица ........ 5

**Р е ш е н и ј а**

**488.** **Решение** за форморање на Комисија за спроведување на јавната презентација и јавна анкета на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр. 1362 и КП бр.1363 во КО Добрејци, општина Струмица .......................................... 5

**489.** **Решение** за формирање на Комисија за спроведување на јавната презентација и јавна анкета на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр.10 КО Костурино, општина Струмица .... 6

**490.** **Решение** за формирање на Комисија за спроведување на јавната презентација и јавна анкета на Деталниот урбанистички план за дел од Блок 3-а (КП бр. 6524, КП бр.6525, КП бр.6527 и КП бр. 6527) УЕ 1 КО Струмица општина Струмица ....................................... 6

**Комисија за општествени дејности при Советот на општина Струмица**

**491.** **Одлука** за доделување на годишна награда и награда за животно дело “Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици” за 2014 година ............................... 7

**492.** **Одлука** за доделување награди по распишаниот награден Конкурс за литературни творби (поезија), посветени на градот Струмица ...... 8

---

**482.**

Врз основа на член 50 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (“Службен весник на Република Македонија“ број 60/11) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна анкета на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр. 1362 и КП бр.1363 во КО Добрејци, Општина Струмица**

Член 1

Се организира јавна анкета на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр. 1362 и КП бр.1363 во КО Добрејци, општина Струмица со намена Г2 –лесна и незгадувачка индустрија, со површина од 5541 $м^2$ и граничен опфат:

- Од североисток со останатиот дел на КП бр. 1364;
- Од северозапад границата помеѓу парцелата и површина за јавна употреба - локален пат Струмица-Просениково;
- Од југозапад граничи со останатиот дел на КП бр. 1361;
- Од југоисток - границата помеѓу градежната парцела со КП бр. 1361 и градежната парцела со КП бр. 1366.

Член 2

Одлуката за организирање јавната анкета ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за уранизам и комунални работи, ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица” и средствата за јавно информирање.

Член 3

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена.

Член 4

Локалната урбанистичка планска документација на КП бр. 1362 и КП бр.1363 во КО Добрејци, Општина Струмица ќе биде изложена во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” во соба број 3.

Член 5

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-8210/3 Градоначалник
25.11.2014 год на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

**483.**

Врз основа на член 50 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање- пречистен текст (“Службен весник на Република Македонија“ број 60/11) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна презентација на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр. 1362 и КП бр.1363 во КО Добрејци, Општина Струмица**

Член 1

Се организира јавна презентација на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр. 1362 и КП бр.1363 во КО Добрејци, Општина Струмица со намена Г2 – лесна и незгадувачка

индустрија, со површина од 5541 м$^2$ и граничен опфат:

- Од североисток со останатиот дел на КП бр. 1364;
- Од северозапад по границата помеѓу парцелата и површина за јавна употреба - локален пат Струмица - Просениково;
- Од југозапад граничи со останатиот дел на КП бр. 1361
- Од југоисток - границата помеѓу градежната парцела со КП бр. 1361 и градежната парцела со КП бр. 1366.

Член 2

Одлуката за организирање на јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за уранизам и комунални работи, ВЕБ страницата на Општина Струмица, "Службен гласник на општина Струмица" и средствата за јавно информирање.

Член 3

Локалната урбанистичка планска документација на КП бр. 1362 и Кп бр.1363 во КО Добрејци, Општина Струмица со намена Г2 –лесна и незгадувачка индустрија, ќе биде изложена во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. "Ленинова" во соба број 3.

Член 4

Јавната презентација ќе се одржи на ден 05.12.2014 година во 12,00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" во соба број 3.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-8210/2 Градоначалник
25.11.2014 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..............................................

**484.**

Врз основа на член 50 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање- пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија " број 60/11) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна анкета на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр.10 КО Костурино, Општина Струмица**

1. Се организира јавна анкета на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр.10 КО Костурино, Општина Струмица со намена Е2 – комунална инфраструктура (базна станица за мобилна телефонија), со површина од 144 м$^2$.

Границата на планскиот опфат се поклопува со границата на површината за градба т.е. објект – базна станица ( на ВИП-оператор), а истата преставува дел од катастарската парцела КП бр. 10, КО Костурино Општина Струмица.

2. Одлуката за организирање јавната анкета ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи , ВЕБ страницата на Општина Струмица, "Службен гласник на општина Струмица" и средствата за јавно информирање.

3. Јавната анкета ќе трае 10 работни денови, од денот на објавувањето на Одлуката.

4. Локалната урбанистичка планска документација на КП бр.10 КО Костурино, Општина Струмица, ќе биде изложена во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. "Ленинова" во соба број 3.

5. Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни
листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

6. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сужбен гласник на општина Струмица".

Бр.08-8557/1 Градоначалник
09.12.2014 год на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.............................

**485.**

Врз основа на член 50 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање- пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија" број 60/11) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна презентација на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр.10 КО Костурино, Општина Струмица**

1. Се организира јавна презентација на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр.10 КО Костурино, Општина Струмица со намена Е2 – комунална инфраструктура (базна станица за мобилна телефонија) , со површина од 144 м$^2$.

Границата на планскиот опфат се поклопува со границата на површината за градба т.е. објект – базна станица (на ВИП Оператор), а истата претставува дел од катастарската парцела КП бр. 10, КО КОстурино Општина Струмица.

2. Одлуката за организирање на јавната презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за уранизам и комунални работи, на ВЕБ страната на Општина Струмица, во "Службен гласник на општина Струмица" и средствата за јавно информирање.

3. Локалната урбанистичка планска документација на КП бр.10 КО Костурино, Општина Струмица со намена Е2 – комунална инфраструктура (базна станица за мобилна телефонија), ќе биде изложена во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" во соба број 3.

4. Јавната презентација ќе се одржи на ден 18.12.2014 година во 12,00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" во соба број 3.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 08-8557/2 Градоначалник
09.12.2014 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

**486.**

Врз основа на член 50 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање- пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија " број 60/11 ) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна анкета на Деталниот урбанистички план за дел од Блок 3-а (КП бр. 6524, КП бр. 6525, КП бр. 6526 и КП бр. 6527) УЕ 1 КО Струмица, Општина Струмица**

1. Се организира јавна анкета на Деталниот урбанистички план за дел од Блок 3-а (КП бр. 6524, КП бр.6525, КП бр.6526 и КП бр. 6527) УЕ 1 КО Струмица општина Струмица , со површина од 14.667 м2, со граничен опфат:

- од северната и источната страна, границата оди по осовината на каналот на река Вадочница;
- јужната граница е по јужната страна на КП бр. 6527/1;
- источната граница оди по осовината на собирна улица бр. „3", профил Л-Л од ГУП.

2. Одлуката за организирање на јавната анкета, ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за уранизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во "Службен гласник на општина Струмица" и преку средствата за јавно информирање.

3. Јавната анкета ќе трае 10 работни дена.

4. Деталниот урбанистички план за дел од Блок 3-а (КП бр. 6524, КП бр.6525, КП бр. 6526 и КП бр. 6527) УЕ 1 КО Струмица, Општина Струмица ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" во соба број 3.

5. Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

6. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 08- 8558/1 Градоначалник
09.12.2014 год на општина Струмица
С тр у м и ц а Зоран Заев с.р.

...............................

**487.**

Врз основа на член 50 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање- пречистен текст (“Службен весник на Република Македонија “ број 60/11 ) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна презентација на Деталниот урбанистички план за дел од Блок 3-а (КП бр. 6524, КП бр. 6525, КП бр. 6526 и КП бр. 6527) УЕ 1 КО Струмица Општина Струмица**

1. Се организира јавна презентација на Деталниот урбанистички план за дел од Блок 3-а (КП бр. 6524, КП бр. 6525, КП бр.6527 и КП бр. 6527) УЕ 1 КО Струмица општина Струмица , со површина од 14.667 м$^2$, со граничен опфат:

- северната и источната граница, оди по осовината на каналот на река Вадочница;
- јужната граница е по јужната страна на КП бр. 6527/1;
- источната граница оди по осовината на собирна улица бр. „3“, профил Л-Л од ГУП

2. Одлуката за организирање на јавната презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за уранизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во “Службен гласник на општина Струмица” и преку средствата за јавно информирање.

3. Деталниот урбанистички план за дел од Блок 3-а (КП бр. 6524, КП бр.6525, КП бр.6526 и КП бр. 6527) УЕ 1 КО Струмица, Општина Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. ”Ленинова” во соба број 3.

4. Јавната презентација ќе се одржи на ден 18.12.2014 година во 13,00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. ”Ленинова” во соба број 3.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-8558/2 Градоначалник
09.12.2014 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

**488.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” број 60/11) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за форморање на Комисија за спроведување на јавна презентација и јавна анкета на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр. 1362 и КП бр. 1363 во КО Добрејци, Општина Струмица**

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна презентација и јавна анкета на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр. 1362 и КП бр.1363 во КО Добрејци, Општина Струмица во состав:

- Стојан Динев – Раководител на Секторот за урбанизам и комунални работи
- Александра Едровска – претставник на изготвувачот на планот; и
- Александар Цицимов – дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната анкета во рок од 10 работни дена од денот на објавувањето на Одлуката за организирање јавна анкета, а јавната презентација на ден 05.12.2014 година во 12,00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. ”Ленинова” во соба број 3,.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 08-8210/1 Градоначалник
25.11.2014 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.............................

**489.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 60/11) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување на јавната презентација и јавна анкета на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр.10 КО Костурино, Општина Струмица**

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на Локалната урбанистичка планска документација на КП бр.10 КО Костурино, општина Струмица во состав:

- Стојан Динев – Раководител на Секторот за урбанизам и комунални работи
- Бојан Муличковски – претставник на изготвувачот на планот;
- Александар Цицимов – дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната анкета во рок од 10 работни дена од денот на објавувањето на Одлуката за организирање јавна анкета, а јавната презентација на ден 18.12.2014 година во 12,00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. "Ленинова" во соба број 3,.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 08-8557/3 Градоначалник
09.12.2014 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.......................

**490.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 60/11) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на Деталниот урбанистички план за дел од Блок 3-а (КП бр. 6524, КП бр. 6525, КП бр. 6527 и КП бр. 6527) УЕ 1 КО Струмица општина Струмица**

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на Деталниот урбанистички план за дел од Блок 3-а (КП бр. 6524, КП бр. 6525, КП бр. 6526 и КП бр. 6527) УЕ 1 КО Струмица, Општина Струмица во состав:

- Стојан Динев – Раководител на Секторот за урбанизам и комунални работи;
- Илија Шалев – претставник на изготвувачот на планот; и
- Александар Цицимов – дипломиран архитект, надворешен член .

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе а јавната анкета во рок од 10 работни дена од денот на објавувањето на Одлуката за организирање јавна анкета, а јавната презентација на ден 18.12.2014 година во 13,00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" во соба број 3 ,

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 08-8558/3 Градоначалник
09.12.2014 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**491.**

Врз основа на член 10 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), и членовите 2, 4 и 37 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишна општинска награда “Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици (“Службен гласник на општина Струмица” број 19/07, 23/09, 25/09), Комисијата за општествени дејности при Советот на општина Струмица на седницата одржана на 02.12.2014 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување на Годишна награда и награда за Животно дело “Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици” во 2014 година**

Член 1

Годишната награда на општина Струмица “Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици” за 2014 година, како признание на Општина Струмица за посебни остварувања се доделува на:

1. **Д-р Александар Христов** - за особен придонес во областа на медицината, особено во детската хирургија;
2. **Д-р Драги Рашковски** – за особен придонес во образованието и техничката култура;
3. **М-р Софија Тошева** – за особен придонес во областа на образованието;
4. **М-р Васко Пиличев** – за особен придонес во областа на музичката дејност;
5. **Кирил Ричлиев** - за постигнати резултати во одбојкарскиот спорт;
6. **Симеон Чорев** - за особен придонес во крводарителството и хуманоста;
7. **Тивериополска Филмска Алијанса-Астерфест** - за особен придонес во подемот на филмските манифестации и афирмација на Општина Струмица во меѓународни рамки.

Член 2

Како општествено признание за вонредно значајни остварувања од посебен интерес на Општина Струмица и Република Македонија, се доделува наградата “Свети Петнаесет Тивериополски Свештено-маченици” за животно дело во 2014 година, на:

- **Костадин Устапетров (постхумно)** – за особен придонес во афирмација на културните вредности.

Наградата на физички лица се состои од диплома, плакета и парични средства во износ од една просечна нето плата исплатена во Република Македонија во претходната година.

Наградата на правни лица се состои од диплома и плакета и бронзен медал.

Наградата за животно дело се состои од диплома, плакета, брозен медал и парични средства во износ од четири просечни нето плати исплатени во Република Македонија во прдходната година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Струмица”

Бр.07-7715/20 Комисија за општ. дејности
02.12.2014 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Петар Божинов с.р.

.............................

**492.**

Комисијата за општествени дејности, при Советот на општина Струмица, на предлог од Комисијата за прочит на литературните творби од Локална установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица бр. 03-217/1 од 03.12.2012 година, на ден 02.12.2012 година донесе

**Одлука**
**за доделување награди по распишаниот награден Конкурс за литературни творби (поезија), посветени на градот Струмица**

Член 1

Наградите се доделуваат во три категории и тоа:

- **Прва категорија** – ученици во основните училишта;
- **Втора категорија** – ученици во средните училишта и
- **Трета категорија** – граѓани (возрасни автори).

Наградите во првата и втората категорија се диплома - материјални во книги, а наградите во трета категорија се диплома и парични и тоа:

- Прва награда во третата категорија 6.000 денари
- Втора награда во третата категорија 4.000 денари и
- Трета награда во третата категорија 2.000 денари.

Член 2

**Во категоријата – ученици од основните училишта** се наградуваат литературно-поетските состави и тоа:

**Со прва награда** се наградуваат двајца ученици:

- **Елена Тодорова** - 9 одделение од ООУ ”Видое Подгорец” Струмица; и
- **Марија Грамбозова**, 7 одделение од ООУ “Гоце Делчев“ - Вељуса;

**Со втора награда** се наградуваат двајца ученици :

- **Симона Ѓошева -** 9 одделение од ООУ“Маршал Тито“ Муртино; и
- **Сања Василева** - 9 одделение од ООУ“Никола Вапцаров“Струмица

**Со трета награда** се наградуваат двајца ученици :

- **Ели Георгиева** - 6 одделение од ООУ“Никола Вапцаров“Струмица; и
- **Васко Минилов** - 7 одделение од ООУ “Гоце Делчев“ Вељуса.

Член 3

**Во категоријата – ученици од средните училишта** се наградуваат:

- Со прва награда: **Магдалена Стојанова** - ученичка во СОУ “ Јане Сандански” Струмица -1 година;
- Со втора награда: **Адријана Димовска** - ученичка во СОУ “Јане Сандански” Струмица – 2 година;
- Со трета награда: **Миле Грнчаров** – ученик во СОУ “Јане Сандански” Струмица – 4 година.

Член 4

Во категоријата “возрасни автори**”** се наградуваат :

- Со прва награда: **Елизабета Дончевска - Лушин**
- Со втора награда: **Горан Енимитев**
- Со трета награда: **Ице Беличев**

Член 5

Наградите ќе се доделат во Локалната установа Библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица.

Член 6

Оваа Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен ласник на општина Струмица” .

Бр.07-7715/21 Комисијата за општ. дејности
04.12.2014 год. Претседател,
С т р у м и ц а Петар Божинов с.р.

.